**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третата седница на Собранието на Република Македонија,**

**одржана на 30 ноември 1998 година**

Седницата се одржа во салата на Владата на Република Македонија, со почеток во 19,10 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Саво Климовски, претседател на Собранието.

**САВО КЛИМОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува. На седницата поканети се Претседателот на Република Македонија, господинот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Државната изборна комисија.

Согласно член 89 став 2 од Уставот на Република Македонија, член 6 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, а во врска со членот 9 8 со изборот на Љубчо Георгиевски за претседател на Владата на Република Македонија и на академик Никола Кљусев, Доста Димовска, м-р Борис Стојменов, проф.д-р Димитар Димитров, проф.д-р Стојан Богданов, м-р Горѓи Наумов, м-р Мартин Треневски и проф.д-р Радмила Кипријанова-Радовановиќ, за министри, констатирам дека им престанува функцијата пратеник во Собранието на Република Македонија.

Бидејќи овие пратеници беа избрани од листата на кандидати, потребно е Државната изборна комисија да го извести Собранието за кандиатите од овие листи на кои треба да им се верифицира мандатот за пратеник согласно член 101 од Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Јас сега би ја прекинал седницата и продолжението на истата го закажувам за утре во 11 часот.

Благодарам на присуството.

(Седницата прекина во 19,20 часот).